Бр: 03-130/3
Скопје: 21.07.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 21.07.2021 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Барањето на мислење добиено од Влада на Република Северна Македонија бр. 40.1-20/45 од 07.07.2021 година (Наш број 03-130/1 од 09.07.2021 година). Во дописот е наведено дека од почетокот на 2015 година Дирекцијата во име на Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош има склучено вкупно 27 (дваесет и седум ) договори за доделување на државна помош. За сите договори кои Дирекцијата ги има склучено во име на Владата на Република Северна Македонија за доделување на државна помош, претходно добива решенија кои ги носи Комисијата за заштита на конкуренцијата со кои се одобрува доделувањето на помошта за компаниите корисници на ТИРЗ зоните. Решенијата што ги носи Комисијата за заштита на конкуренцијата се во согласност со Законот за контрола на државна помош („Службен весник на РМ" бр. 145/10), и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ"бр. 109/13).

Кај одредени корисници на ТИРЗ е констатирано од страната на Дирекцијата неисполнување на договорните обврски и тоа **1) неисполнување на договорните обврски за одржување на достигнатиот праг на вработување за работните места и 2) намалена динамика на вработување која води до неисполнување на договорените обврски за креирање на минималниот број на работни места до датумот на завршување на инвестицискиот проект**. Сето ова е неисполнување на договорите за доделување на државна помош и неисполнување на законската регулатива на државна помош.

Во однос на барањата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за склучување на анекси кон договорите за кои се евидентирани неисполнувања на договорните обврски, Комисијата за заштита на конкуренцијата ве известува дека е потребно за секој поединечен случај од страна на давателот на државна помош да биде доставено барање на мислење по кое Комисијата за заштита на конкуренција би се произнела.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Д-р Владимир Наумовски**